# Мароко Авантура

## 16. мај 2024. - 27. мај 2024.
## 12 дена - 10 ноќи

Кога ќе спомнеме магична авантура, дефинитивно помислуваме за Мароко!

Jungle авантура во земјата на контрасти, авантура на песочните плажи на Атланскиот океан, снежните врвови на Атлас планините, до бесконечната Сахара, авантура парфимирана со мирисите на шафран и цимет. Мислиме дека зборот “магична” не ја доловува целосно нашата авантура во Мароко!

Започнуваме во “Црвениот град“ - Маракеш, престолнината на сите кралски фамилии. Истражуваме кралски палати, раздвижени медини, пространи пустини, се капеме во ладните води на водопадите Оузуд (Ouzud) и уживаме на незаборавните плажи на Есауира (Essaouira). Се ценкаме и купуваме стотици сувенири на шарени пазари, пешачиме низ стари замоци (касбах), а потоа продолжуваме кон шармантната Казабланка (Casablanca). Посетуваме холивудски кафулиња и места од познатата серија Игра на Троновите. Ги истражуваме градови Рабат (Rabat) и Фес (Fes), градови кои зрачат незаборавна енергија, гостопримливи локалци, прекрасни медини и шарени пазари!

Патување и авантура која ќе ја паметите цел живот!!

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на групата и поаѓање**

Собирање на групата на Меѓународниот аеродромот во Скопје два часа пред летот. Лет од Скопје до Истанбул. Преседнување на лет за Мороко. Пристигнување во Маракеш. Добредојдовте во Мароко! Авантурата започнува! Трансфер од аеродром до хотел. Ноќевање.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Маракеш (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од аеродром до сместување.

**Сместување**
Hotel Ayoub & Spa **(1 ноќ)**

**Место**
Скопје, Истанбул, Маракеш

**Ден 2: Факултативен излет - Маракеш City Tour**

Овој ден ја доживуваме заедно магијата на Маракеш! Се потопуваме заедно во ритмичкото чукање на срцето на Маракеш додека го започнуваме денот со истражување на градот кој што не е само обична разгледница, тоа е целосна фиеста со живописни вибрации и неочекувани задоволства. Започнуваме со Мела (еврејскиот кварт), каде ја посетуваме најстарата синагога во градот. Посетуваме и две прекрасни палати -- палатата El Bahia, палатата El Badi и кралските гробници Saadi. Ветуваат моменти кои што ќе Ви направат да останете вчудоневидени и му пркосат во секоја смисла на времето и временската машина. Поминуваме заедно низ историската капија Bab Agnau каде минатото се среќава со сегашноста. Ја посетуваме и прекрасната џамија Кутубија, засолниште на спокојство среде раздвижениот град. Крешендото н� очекува во Jemaa el-Fna, сензорна експлозија на пазарен хаос, музика, шармери со змии и мајмуни, а во позадина на сето тоа се појавуваат величенствените планини Атлас. Одмараме со традиционални чаеви со нане и берберски специјалитети, уживаме во секој вкус посебно како дел од оваа авантура. Танцуваме во ритамот на Маракеш. По нашата авантура се враќаме во нашето сместување.

**Сместување**
Hotel Ayoub & Spa **(1 ноќ)**

**Место**
Маракеш

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Маракеш City Tour

**Ден 3: Факултативна излет - водопадите Ouzoud**

По појадок се упатуваме кон најголемите водопади во северна Африка (110м). Попатно посетуваме и традиционални марокански села. Се потпуваме во автентичниот ритам на берберската традиција талкајќи низ раздвижените пазари исполнети со примамливи ароми на егзотични зачини и волшебна мелодија на детската смеа. Посетуваме и прекрасни градини со маслинки се додека не пристигниме до прекрасните водопади Узуд (Ouzoud). Опколени со живописна природа се разладуваме во нивните води... Во околната џунгла имаме и прилика да се дружиме со итрите мајмуни кои ги нарекуваат водопадите нивниот дом. Се враќаме кон Маракеш. Излегуваме и имаме можност да го гледаме ноќниот спектакл на плоштадот *Jemaa el-fna* - жонглирање со огнени топки, акробатици,....**Ноќевање.**

**Сместување**
Hotel Ayoub & Spa **(1 ноќ)**

**Место**
Маракеш

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Водопадите Ouzoud

**Ден 4: Факултативна излет - Есауира**

По пojaдoк се упатуваме кон Есаура -- прекрасен град покрај брегот на Атлантикот. Ја откриваме душата на овој историски пристанишен град, кој претставува комбинација на богатата историја на Мороко со лежерните вибрации на прекрасните плажи со кристално чисти води и бујна вегетација. Нашата прошетка ја започнуваме во медината (стариот град), каде што секоја уличка раскажува приказни за морските авантури како и уметничките чуда. Продолжуваме во фабриката за аргановo масло. Дознаваме повеќе за ова течно злато кое локалните жители го произведуваат, во фабрикате имаме прилика да купиме оригинално масло од арган. Ја продолжуваме авантурата во раздвиженото пристаниште на Есауира. Се наоѓаме во живописна пазарна гужва, купуваме свежа риба и уживаме во јадењето директно од океан. Авантурата почнува да се развива со доза на фантазија. Спремете се за најпосетуваната локација во Есауира. Место каде што е снимана серијата „Game of Thrones". Поминете низ лавиринтските улици на оваа медина, пристигаме до Скала Де Ла Вил, токму тука оживеа иконската ТВ серија. Се претпоуваме во средновековниот шарм, замислувајќи змејови кои се издигнуваат низ небото и иконската сцена од третата сезона на серијата. Нашиот ден го завршуваме на плажа. Го чуствуваме песокот под нашите стапала, ветарот во нашата коса и вибрациите на сонцето што ја прават Есауира неодоливо крајбрежно засолниште. Како што пешачиме низ крајбрежните пејзажи, забележуваме волшебната глетка -- козите кои што се имаат искачено на секое второ дрво. Вие сте сведоци на овој уникатен спектакл кој е вистински каприц на мароканската глетка. И додека денот благодатно се претвора во вечер, уживајте во блажениот амбиент на магијата покрај плажата на Есауира. Свет кој што е далеку од раздвижениот градски пејзаж. По нашата незаборавна авантура, се враќаме во нашето сместување во Маракеш.

**Сместување**
Hotel Ayoub & Spa **(1 ноќ)**

**Место**
Маракеш

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Есауира (Esauira)

**Ден 5: Факултативен излет - Ourika Valley**

Нашата следна дестинација е се наоѓа на Атлас планините. Оваа прекрасна долина се наоѓа недалеку од Маракеш, населена е од Бербери -- домородци на планините Атлас. Областа е богата со бујна вегетација, имаме можност да уживаме во мирна прошетка покрај реката додека во позади го слушаме жубуркањето на водопадите во околината. Правиме кратка пауза за ручек во едно од многуте шарени кафулиња кои се наоѓаат покрај брегот на реката. Имаме слободно време да го истражиме ова прекрасно планинско градче. Од традиционални берберски продавници можеме да купиме уникатни изработки од керамика и килими кои се уникатни за овој регион. По нашата авантура се враќаме во Маракеш. По враќањето од факултативниот излет, слободното време може да го потрошиме на плоштадот *Jemaa el-Fna,* бидејќи плоштадот ноќно време добива сосема нов изглед. Штом зајде сонцето, на плоштадот се создава гужва. Туристи, продавачи, локалци, уметници - секој завзема своја позиција и се подготвува за бескрајната ноќ. Тезги со овошје и тезги со месо кое е спремно да се пече на скара. Илјадници луѓе уживаат во ноќната претстава на скротувачите на кобри, tattoo уметниците, проголтувачите на оган, улични наратори кои говорат на арапски и раскажуваат древни приказни. Се впуштаме во авантура. За миг ден ќе ја замени ноќта, но на плоштадот ќе се навраќаме од ново и од ново, до крајот на вошебното и необично патување.

**Сместување**
Hotel Ayoub & Spa **(1 ноќ)**

**Место**
Маракеш

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Ourika Valley

**Ден 6: Факултативен излет - Agafay Desert**

Ден предвиден за авантура во пустината Агафај (Agafay). Се впуштаме во најлудата авантура на нашето патување во Мароко. Се тркаме со 4x4 quad bikes низ ридската пустина Агафај пиеме превкусен марокански чај додека во позадината блескаат прекрасните планините Атлас и се дружиме со Берберите кои живеат во оваа пустина. Јаваме камили и ручаме покрај прекрасното езеро Лала Такеркуст. По нашата адреналинска авантура се враќаме во Маракеш.

**Сместување**
Hotel Ayoub & Spa **(1 ноќ)**

**Место**
Маракеш

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Пустината Agafay

**Ден 7: Трансфер до Казабланка и Факултативен излет - Casablanca City Tour**

По појадок, правиме check-out од нашето сместување во Маракеш и продолжуваме кон прочуената Казабланка. Ја посетуваме џамијата на*Хасан II* -- најголемата џамија во Африка и една од најпрепознатливите на #целсвет! Продолжуваме кон познатото кафуле -- *Rick's café* (каде е сниман филмот „Казабланка“ во 1942 год.). Ја посетуваме и медината - најстариот дел на градот, се движиме по стари арапски улици и пазари. **Ноќевање.**

**Сместување**
Relax Hotel Casa Voyageurs **(1 ноќ)**

**Место**
Маракеш

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Casablanca City Tour

**Ден 8: Факултативен излет - Rabat City Tour**

По појадок тргнуваме кон главниот град на Мороко -- Рабат. Рабат е водено и еден од четирите кралски престолнини и хронолошки последен во низата на официјални престолнини (заедно со Маракеш, Фез и Мекнес). Започнуваме со Мавзолејот на Мухамед V -- една од најубавите градби во Мороко, мавзолејот е изграден во традиционален марокански стил, во чест на еден од најсаканите кралеви на Мороко. Во мавзолејот погребан е кралот и неговите двајца синови. Продолжуваме во стариот дел на градот. Шетаме низ шарената медина која е преполна со стотици шарени тезги со зачини, традиционални арапски матерјали, парфеми и фенери. Завршуваме во кралската палата -- посебен дел од градот, опкружен со ѕидини кои ја заштитуваат Кралската палата заедно со целата управа што му служи на кралот. Имаме слободно време да прошетаме низ најголемиот град во Мороко. Поручек се враќаме во Казабланка. Ноќевање.

**Сместување**
Relax Hotel Casa Voyageurs **(1 ноќ)**

**Место**
Казабланка

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Rabat City Tour

**Ден 9: Факултативен излет - Fes City Tour**

По појадок продолжуваме кон Фес (Fes), последниот од четирите кралски градови кој го посетуваме во Мороко. Имаме можност да ја посетиме медината -- најголемата пешачка зона во Фес, ја посетуваме и златната порта, најстариот универзитет во светот и некои од најпознатите кожарници во Мороко, каде што го гледаме традиционалниот начин на обработка на кожа од стари марокански занаетчии. По нашата авантура се враќаме во Казабланка. Вечерта имаме слободно време за да прошетаме во овој прекрасен град и да седнеме на вечера во некои од локалните ресторани.

**Сместување**
Relax Hotel Casa Voyageurs **(1 ноќ)**

**Место**
Казабланка

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Fes City Tour

**Ден 10: Слободен ден**

Ден за уживање, време за сите оние марокански доживувања кои сме ги замислувале од почеток на нашата авантура! Ова е ден за шопинг - ценкање, мириси, бои, звукови и неверојатна енергија која ја впиваме додека пиеме чај на улица со локалците. За последен пат јадеме традиционален марокански кускус, хумус или фалафел.

**Сместување**
Relax Hotel Casa Voyageurs **(1 ноќ)**

**Место**
Казабланка

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 11: Напуштање на сместувањето и трансфер до Маракеш**

Во раните утрински часови правиме check-out од нашето сместување и имаме трансфер до аеродромот во Маракеш. Лет од Мороко за Скопје, со преседнување во Истанбул.

**Превоз**

Трансфер од сместување до аеродром.
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Маракеш - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Казабланка, Маракеш

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Ден 12: Враќање и крај на патувањето**

Утрински лет од Истанбул за Скопје. **Крај на патувањето.**

**Превоз**

Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Истанбул, Скопје

**Цени и услови**

| **Што е вклучено** |
|---|
| Регуларна цена<br>**1.099,00** EUR |
| **FIRST MINUTE!**<br>Попустот важи за сите пријави до **18.03.2024.**<br>**999,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Виза за Мароко

**Факултативни излети**

**Маракеш City Tour**

**Цена**: **35,00** EUR

Го започнуваме нашиот факултативен излет низ Маракеш наутро со прошетка низ Мел (еврејскиот кварт), во кој се сместени најстарата синагога во градот, како и еврејски гробишта. Ја посетуваме Ел Бахија, палата од 19 век која со децении, служела како резиденција на големите везири. Нејзината градина се смета за една од најубавите во целиот Мароко и градина на која сите везири биле особено горди. Ја посетуваме и палатата Ел Бади, односно Величенствената палата. Изградена е во времето на султанот Ахмед Ал Мансур во втората половина на шеснаесеттиот век. Тој бил современик и сојузник на кралицата Елизабета I на Англија. Влегол во историјата на светот како еден од најмоќните и најбогатите султани. Важел за голем дипломат, градител, освојувач и заштитник на уметноста. Вистинска ренесансна личност длабоко во подножјето на митската планина Атлас. Султанот Ахмед Ал Мансур потекнувал од династијата Саади, чии гробници се наоѓаат недалеку од самата палата. По палатата, истражувајќи влегуваме во улица, покриена од сонцето, преполнета со тезги и луѓе што брзаат некаде „како муви без глави“. Кој нема да прозборува тука арапски или берберски, исто како да не бил во Мароко. Стотици улични продавачи ги продаваат своите ракотворби. Жените со тетоважи ни ја покажуваат уметноста нацртана на рацете и на лицето, нудејќи ни ја нивната уметност, додека безброј скутери се обидуваат да се пробијат низ толпата луѓе. Шетајќи низ Казба, пред нас се појавува најубавата порта на градот - Баб Агнау. Таа е една од 19-те порти на Маракеш и е изградена во 12 век за време на династијата Алмохад.

Ја продолжуваме нашата авантура и ја посетуваме една од најубавите џамии во градот. Тоа е џамијата Кутуби која како светилник, посочува излез на сите оние што залутале по тесните улички на стариот град. На огромното плато околу џамијата, гледаме остатоци од еден стар храм и палати на владетели од династијата Алморавид, втората мароканска династија по ред и една од најмоќните африкански династии досега. Пред џамијата, туристите ги пречекуваат кочијаши со украсени кочии и моќни арапски коњи, но ние продолжуваме со лежерна прошетка низ Црвениот град. Кочијашите се сметаат за исклучително умешни преговарачи, а ние го имаме целиот ден за да го совладаме ценкањето во овој град кој никогаш не спие. Пригушениот звук се засилува додека се приближуваме кон јадрото, и на крајот ја гледаме заслепувачката светлина и срцето на стариот град. Огромниот плоштад на Џема ел Фна, симболот на Маракеш, се наоѓа точно пред нас. Поради неговата автентичност, самиот плоштад се наоѓа на списокот за светско наследство на УНЕСКО. Многу туристи се заљубиле во Маракеш поради плоштадот и се враќаат во него одново и одново. Смртните казни некогаш се изведувале овде, а плоштадот следејќи го тоа го исткајал својот дух. Денес има безброј тезги на местото на страшните џелати, каде ќе купиме свежо исцедени овошни сокови, кои се подготвени на лице место од насмеаните продавачи. Ќе навлегуваме подлабоко во суковите на медината. Во овие улички можеме да купиме скоро сè, од игла до локомотива. Искусните преговарачи можат да излезат со цела вреќа со сувенири за одлична цена. Уметноста на договарањето е исклучително тешка, а продавачите на Маракеш се дефинитивно господари на нивниот занает, затоа мора да бидеме упорни, непопустливи и храбри. На крајот, некој секогаш некој попушта, на обострано е задоволството. Враќање во сместувањето во попладневните часови.

Во цената на излетот е вклучено:

- професионален лиценциран водич на англиски јазик
- организиран превоз според планот и програмата
- влез во палатата Ел Бахи

Во цената на излетот не е вклучено:

- ручек

**Водопадите Ouzoud**

**Цена**: **50,00** EUR

Водопадите *Ouzoud* се највисоките водопади во Северна Африка и втори највисоки во цела Африка. Достигнуваат до 110 метри висина. Тие се пробиват низ области со антички маслинови градини кои се дом на мајмуни. Околу водопадите се населени домородните берберски племиња од планината Атлас. Поаѓањето за овој излет е рано наутро. По возењето доаѓаме до мало населено место во близина на водопадите. Се чувствува мирисот на вода, маслинки и свежи планински билки. Одиме до самиот врв на водопадот, додека крвта ни замрзнува од напливот на моќната вода. Со звукот на водопадите што се удираат во камењата слушаме и кршење на гранки. На дрвата над нас се качуваат мајмуни, се дофрлаат со храна и им приоѓаат на посетителите. Одиме по патеки низ маслинови градини уживајќи во мирисот и интересните приказни за локалниот живот. По кратката прошетка гледаме стара берберска куќа каде луѓето сѐ уште живеат. Се запознаваме со животот на Берберите и нивната богата традиција и разновидност. Стануваме свесни за неверојатната култура скриена од овие древни народи. Го учиме берберското писмо и зборови, но и како изгледа секојдневието. Продолжуваме со прошетка низ селото и повторно влегуваме во маслиновите градини. Почнуваме полека да се спуштаме до подножјето на водопадот по овој див терен. Старите жени поминуваат со магариња натоварени со маслинки, а љубопитните мајмуни ни приоѓаат со надеж дека ќе добијат нешто за грицкање. Локалниот водич ни кажува за мајмуните и ни објаснува како треба да се однесуваме во нивна близина. Се фотографираме со нив додека се качуваат околу нас. Стигнуваме до подножјето на водопадот и остануваме без здив. Силата на водопадот, мирисот и бучавата целосно нѐ обземаат. Се одмораме и го пиеме најдобриот сок од портокал. Се качуваме во чамците и се приближуваме многу блиску до водопадот. Луѓето се капат, пеат и се дружат. Правиме пауза и чекаме шанса да се појави виножито – најубавата глетка на овие водопади! Продолжуваме со прошетката по ридот преполнет со продавници и ресторани, учејќи за прекрасната моќ на локалните билки и чаеви. Ги оставаме мајмуните да шетаат низ природата, а ние се упатуваме во еден од ресторантите. Уживаме во највкусниот таџин, кускус, ражничи, салата и најдобрите маслинки од околината на водопадот. По краткиот одмор се враќаме во сместувањето.

Во цената на излетот е вклучено:

- професионален лиценциран водич на англиски јазик
- организиран превоз според програмата
- влез за локалитет
- возење со чамец

Во цената на излетот не е вклучено:

- ручек

**Есауира (Esauira)**

**Цена**: **55,00** EUR

Есауира, синиот град на брегот на Атлантикот, со уметнички продавнички, галеби, сини чамци и шарени пазари, е еден од градовите што задолжително мора да го посетиме. Ќе јадеме таџита и пиеме црн чај со две коцки шеќер, како вистински Мароканци. Во поранешниот Могадор, снимана е една од најпопуларните серии денес - *Game of Thrones.*

Ден за уживање и опуштање! На пат кон океанот, ќе сретнеме и кози, кои стоејќи мирно на дрво, им пркосат на законите на физиката. Потоа, доаѓаме до автентична работилница за производство на масло од арган, каде слушаме приказни за неговите својства и употреба и го гледаме целиот процес на изработка, како и слободно време за купување. Се возиме низ традиционалните и живописни пејзажи до Есаура. Магичната Есауира со прекрасни рустикални кули и ѕидини и исклучително убавата плажа, каде Мароканците шетаат и играат фудбал на песокот. Ќе прошетаме кратко по познатото пристаниште, каде локалците постојано доаѓаат со своите сини чамци, ја растовараат целата риба и ги поправаат нивните мрежи. Потоа, одиме низ ѕидините, уживајќи во приказната за местото каде е сниман *Game of Thrones*. Купуваме сувенири и свежо овошје на главната улица, а потоа одиме на уникатно гастрономско уживање - свежа морска храна уловена истото утро! Пред нашите очи, локалците чистат различни видови на вкусни морски плодови и риби и си бираме што сакаме да јадеме и ги гледаме како брзо ја приготвуваат храната. По пријатниот ручек имаме слободно време за прошетка и купување сувенири, по што се враќаме во сместување.

Во цената на излетот е вклучено: билет за кулите Скала ду Порт, локален водич, претставник од агенција, организиран превоз според планот и програмата.

Цената на излетот не е вклучено: каде што е снимана серијата „*Game of Thrones*" (10MAD), ручек.

**Ourika Valley**

**Цена**: **40,00** EUR

Оурика, прекрасното село во планината Атлас кое се наоѓа недалеку од Маракеш и се смета за една од најпривлечните дестинации за домашни и странски туристи поради своите величенствени пејзажи. И покрај тоа што е толку блиску до Маракеш, оваа прекрасна зелена долина е една од најдобро сочуваните во Мароко. Она што е уште поимпресивно за овој крај е и фактот дека оваа област сеуште е населена од Бербери, кои живеат традиционален начин на живот кој може да се смета за "недопрен". Излетот во сликовитата долина Оурика ќе ви овозможи да ги искусите убавините на северноафриканските села и да го впиете секојдневниот живот на овие локални жители. Сите оние кои имаат авантуристички дух можат со малку труд да се искачат пеш до водопадите (понесете удобни обувки). Додека се движиме низ ридовите, уживаме во погледот на прекрасните пејзажи полни со живи бои. Ова е одлично место и за правење на воодушевувачки панорамски фотографии. Мал одмор за ручек ќе направиме во едно од многубројните шарени кафулиња кои се наоѓаат на самиот брег на рекичката. Слободното време ќе го поминеме во дружење со камили и во купување на уникатна грнчарија и теписи од овој крај.

Во цената на излетот е вклучено:

- стручен лиценциран водич на англиски јазик
- организиран превоз по предвидениот план и програма

Во цената на излетот не е вклучено:

- ручек
- дружење со камили (5 – 7 EUR во зависност од бројот на заинтересирани патници)

**Пустината Agafay**

**Цена**: **105,00** EUR

Пустината *Agafay* – Тргнуваме во најлудата авантура на нашето патување во Мароко. Се возиме со квадрицикли по ридестата пустина*Agafay*, го пиеме најдобриот марокански чај додека со поглед на планината Атлас и се дружиме со Берберите. Јаваме камили и ручаме на прекрасното езеро *Lalla Takerkoust*. Пустината *Agafay* се наоѓа на оддалеченост од триесет километри од Маракеш и се простира на повеќе стотици хектари. Оваа карпеста пустина личи на песочна поради своите бели дини, а пејзажот е многу сличен на Сахара. Стуткани во дините се наоѓаат берберските села кои опстануваат во оваа строга но возвишена природа. Берберите се староседелци од Северна Африка и Мароко, со целосно различна традиција, култура, календар, јазик и начин на живеење од останатите народи на Мароко. Го посетуваме селата и се запознаваме со начинот на живот на овие народи и нивните различности. Пустината ја преминуваме возејќи квадрицикли и јавајќи камили. Го истражуваме секој сегмент на оваа бескрајна област. Квадрициклите се погодни за преминување на дините и се многу лесни за возење. Погледот ни го задржува планината Атлас со својот највисок врв од преку 4000 метри. Називот Атлас потекнува токму од зборот адар што на берберски јазик значи планина. Овој планински венец, долг 2500км, е дом на разновидни растенија и животни, од кои некои видови се загрозени, а некои се ендемски за овие краишта. Ќе направиме пауза за ручек во локален ресторан близу езерото *Lalla Takerkoust*, богат со традиционални јадења.

Во цената на излетот е вклучено: претставник од агенција, услуги од лиценциран водич на англиски јазик, организиран превоз по предвидениот план и програма, возење со 4x4 quadbikes, јавање на камили, марокански чај и шише со вода.

Во цената на излетот не е вклучено: ручек.

**Casablanca City Tour**

**Цена**: **25,00** EUR

Пристигнување во Казабланка - белиот град, како што посочува и самото име. Градот е основан од Португалците во 1755 година, а не од страна на Шпанците, како што многумина би помислиле заради името. Денес, Казабланка е најголемиот град во Мароко, главно пристаниште и економски центар. За разлика од другите поголеми градови, како што се Маракеш и Фес, тој нема голема медина, но во градот доминираат модерни населби со силен француски печат, наследство од колонијалниот период. Старата медина е препознатлива по својот лавиринтски стил, па губењето во истата е несомнено лесно и со одредена претпазливост ги откриваме убавините, доживувајќи го ритамот на секојдневниот живот, каде што децата трчаат по тесните улички и луѓето седат во кафулињата. Ќе се упатиме кон Кралската палата, која се наоѓа во близина на новата медина. Се карактеризира со огромен отворен плоштад пред себе, многу чувари и убава фасада што ги остава сите без здив. За жал, влезот во палатата не е дозволен, но вреди да се види призорот на восхитувачкат архитектурата однадвор. Џамијата на Хасан Втори се наоѓа во населбата *La Corniche*, шеталиште што се протега долж брегот на Казабланка. Кога е сончево, тоа е едно од најатрактивните места во градот, и карактеристично е тоа што малку отстапува од мароканската традиција на која сме навикнати. Ќе имаме можност уживаме во ова место со прошетка на плажа, сончање па дури и пливање во морето.

Ја завршуваме нашата прошетка со прекрасната џамија на Хасан Втори. Таа е една од најимпресивните џамии и се смета дека има најголемо минаре во светот. Изградена е над Атлантскиот Океан, а морското дно е видливо од стаклениот под во големата сала. Претставува верски и културен комплекс и целата приказна започнала во средината на 1980-тите години кога кралот на Мароко, Хасан Втори, го признал значителниот недостаток на архитектонски и историски локалитети во Казабланка. Градот имал голем број станбени згради, канцеларии, но многу малку културен живот за да му го понуди на брзиот раст на туризмот. Интересно е што од Италија се увезувале само витраж и лустери, додека сите други материјали, како што се кедар, мермер и гранит, биле донесени од различни делови на земјата. Џамјата на Хасан е изложба на најдобриот марокански занает што ќе не остави без здив. Риков кафе - е ресторан, бар и кафе отворено во 2004 година со желба да потсеќа на Хамфри Богарт и Ингрид Бергман и филмскиот класик Казабланка. Сместен е во стар дворец, изграден по критериумите на старата Медина во Казабланка. Исполнет е со архитектонски и украсни детали кои потсетуваат на филмот - заоблени лакови, скулпторски бар, балкони и автентично *Pleyel* Пијано од 1930-тите години. Денес, Риков кафе продолжува да ги воодушевува страсните фанови и на момент навистина ќе се чувствувате како да сте во филмот.

Во цената на излетот е вклучено:

- лиценциран водич на англиски јазик
- организиран превоз по предвидениот план и програма
- влезница за џамијата Хасан II

Во цената на излетот не е вклучено:

- ручек

**Rabat City Tour**

**Цена**: **40,00** EUR

Рабат е главен град на Мароко и еден од четирите кралски престолнини. Сместен помеѓу реката*Vadi Bou Regreg* и Атлантскиот Океан. Рабат ни нуди навистина интересна слика за развојот на Мароко и можеме да кажеме дека ова се три градови во еден. Антички град, чиј развој започнал во 12 век, кога била изградена тврдината и основа за освојување на Шпанија (тогашна Иберија). Исто така, тоа е колонијален град, кој Французите го претвориле во протекторат во 20 век. Биле изградени нови пространи сектори со палати и владини згради. Тие го вратиле животот во регионот и приливот на богатство и европската софистицираност.

Модерен главен град со крал, кој избрал да ја основа владата токму овде кога земјата станала независна во 1956 година. Во Рабат има посебен дел од градот, опкружен со ѕидови, кој ја формираат Кралската палата заедно со нејзината администрација. Го посетуваме мавзолејот на првиот марокански крал по независноста, Мухамед V, кој го наследил неговиот син Хасан Втори. Мавзолејот се наоѓа на плоштадот *Yacoub Al Mansour* спроти кулата Хасан. Тоа не е само совршено зачуван пример на архитектонскиот стил на династијата Алауит, туку е и последно место за одмор на тројца значајни членови на кралското семејство.

Дизајнот и декорацијата на мавзолејот се неверојатен. Ова ремек дело на традиционалната мароканска уметност е препознатливо по своите бели ѕидови и зелениот покрив.

Потоа, ќе се упатиме кон кулата на Хасан Втори, изградена од Алмохад. Недовршената Хасанска кула е дело на владетелот на*Yaqub al-Mansura* и требало да биде минаре според неговата визија за голема џамија на ова место. По неговата смрт, изградбата на џамијата била прекината, а оваа кула висока 45 метри е сè што останува од неговиот првичен план. Убавите мотиви и дизајни кои ја покриваат фасадата на кулата, укажуваат на величественоста на она што го имал на ум Ал-Мансур. Се разбира, кога сме во Рабат, дефинитивно не треба да пропуштиме и старата медина. Се карактеризира со Андалузиски стил затоа што поголемиот дел од архитектурата потекнува од 17 век, кога пристигнале муслиманите од шпанскиот регион на Андалузија. Медината е исто така најдобро место за купување на традиционални марокански сувенири. Најпознатата трговска улица е *Rue Souika*. Постојат многу марокански занаетчиски продавници кои содржат разни предмети, како што се познатите теписи на Рабат и везени ткаенини. Исто така има и штандови кои продаваат кеси полни со лисја од нане, кои се користат за правење чај, што тие на шала го нарекуваат берберско виски. Разгледувањето на медината ќе ни овозможи да го доживееме вистинското Мароко на порелаксиран начин - со пошироки улици и смирена околина.

Авантурата ја продолжуваме кон средновековниот град кој се наоѓа во срцето на Рабат - Челах. Урнатините на Челах се потпираат на римски град наречен Сала. На местото ќе видиме остатоци од римски мермерни столбови и статуи, често со латински натписи, како и остатоци од камени аквадукти кои функционирале со векови. Во XIV век, меренидскиот султан изградил некропола на врвот на римската територија и ја опколил со одбранбен ѕид, кој сè уште стои. Затоа, покрај остатокот од римскиот град, ќе видиме и остатоци од исламски комплекс, со елегантни минариња од камен и плочки - единствени остатоци од некогаш импресивната џамија. Зад џамијата, гробот на Абу Ал Хасан и неговата сопруга е уништен. Она што сè уште е зачувано во Челах е медресата, мало теолошко училиште.

Во цената на излетот е вклучено:

- стручен и лиценциран водич на англиски јазик
- претставник од агенција
- организиран превоз по предвидениот план и програма

Во цената на излетот не е вклучено:

- ручек

### Fes City Tour

**Цена**: **50,00** EUR

Двајца владетели со исто име, освојувајќи ги огромните ширини на најзападните области на тогаш познатиот свет под зеленото знаме на исламот, ја подигнале првата мароканска престолнина на крајот на осмиот век. Идрис Први ја изградил Медината Фес, а неговиот син Идрис Втори ја изградил населбата Ал Али. Градот Фес е создаден со спојување на овие населени места. Најдолго се сметал за главен град на Мароко. Речиси сите династии што владееле со огромни територии во северна Африка се бореле околу него затоа што тој бил на важен трговски пат. Денес, Фес е важен туристички, културен, историски и религиозен центар кој љубоморно ја чува турбулентната историја на Магреб, односно најзападното кралство на Исламот. Ја вклучуваме временската машина и се упатуваме кон стариот град.

Временската машина е побавна од вообичаеното затоа што трговците, магарињата, продавачите на кактуси и скутерите ни го попречуваат патот кон медината. Се пробиваме полека низ гужвата и правливите ходници на историјата.

Првата дестинација е Дар ал Макзен, резиденцијата на владетелите на династијата Алавита, од која потекнува сегашниот крал Мухамед VI. Недалеку од палатата, постои антички еврејски кварт наречен Мела. Оваа населба била изградена од неколку еврејски генерации. Темелите ги поставиле еврејските трговци уште на самиот почеток на историјата на градот. Надградбата ја продолжиле Евреите, кои бегајќи од шпанското освојување, пронашле прибежиште кај своите сонародници и пријателски настроените муслимани.

Мела, како да ни кажува што не чека во медината. Невообичаено тесни улички, дотраени фасади насликани во светло сина боја, деца со полу- искината топка и дресови на Кристијан Роналдо и Меси, сувенири и занаетчии... Се разбира, ова е само мала увертира за оваа античка населба, затоа што медината е скоро невозможно да се опише со зборови. По прошетката низ Мела и посетата на античката синагога која денес служи како музеј, се упатуваме кон медината. Толпата се зголемува, температурата се покачува онака како што и очекувавме. Пред нас е конечно *Bab Bou Jeloud*, односно Сината порта, која е главниот влез во медината. Ѕидовите околу медината биле изградени од владетели од династијата Алморавид кои владееле во XI век. Сепак, оваа порта е малку помодерна од другите порти во градот. Најзаслужен за нејзината изградба е францускиот генерал Ибер Лиот, командантот на Мароко од почетокот на XX век, кога Мароко бил под францускиот протекторат. Поминуваме низ портата и влегуваме во земјата на чудата. Целата медина останала непроменета од нејзиното создавање. Речиси е невозможно да се остане рамнодушен во овој лавиринт од тесни улици. Илјадници луѓе секој момент поминуваат низ уличките и стотици трговци, секој со посебна приказна, се обидуваат да ни го привлечат вниманието.

Ја посетуваме медресата на Каравија. Медресата е исламска верзија на универзитетите каде што се изучувале Куранот и другите религиозни текстови. Она што ја прави оваа медреса посебна е тоа што е постара од сите европски универзитети. Изградена е во средината на XI век и се смета за најстара во светот! Изградена е од страна на Фатима Ал Фихри, која била ќерка на богат трговец од денешен Тунис. Има и библиотека во која се зачувани над 4.000 ракописи од создавањето на оваа медреса и џамија со истото име.

Продолжуваме со прошетка низ суковите и тесните премини и се движиме кон античкиот мавзолеј каде се чуваат телата на основачите на Фес, Идрис Први и Идрис Втори. Навлегуваме подлабоко во медината и доаѓаме до една од најпознатите туристички атракции на Фес. Овде се работилниците во кои се штави кожа и ќе побараме од некој од локалните жители да не одведе на терасите за да го видиме процесот што не е сменет со векови. Непријатната миризба која се создава ќе ја ублажиме мирисајќи ливче од нане кое ќе ни го дадат локалците. Доколку некој сака може да си купи производ изработен од кожа, која многумина ја сметаат за најквалитетна во светот. Нашата авантура полека завршува, а на враќањето ќе посетиме продавница со производи од арган, плоштадот Сефарин на кој и денес се продаваат автентични метални производи, а недалеку од плоштадот се наоѓа и Музејот за дрвени ракотворби Нежарин. Во моментот кога ќе ја видиме Зелената порта е и крајот на нашата денешна авантура. Всушност ова е Сината порта од каде ја започнавме обиколката околу градот. Од внатрешната страна на медината Сината порта е зелена. Нека ова место биде како главна ориентациона точка за авантуристите кои би сакале да шетаат и истражуваат самостојно, за време на нашиот престој во овој град од „Илјада и една ноќ“.

Не можете да бидете вистински жител на градот Фес, доколку не се изгубите барем еднаш! Бидете внимателни затоа што итрите жители на Медина и од тоа имаат

направено бизнис. Ако се изгубите, ќе треба да платите за да ве извадат од медината. Доколку се најдете во ваква ситуација не паничете затоа што тоа е само игра за нив. По кратко ценкање околу цената, локалното население ќе ве однесе на вистинскиот пат. Излетот ќе започне во раните утрински часови, а ќе заврши во доцните попладневни часови.

Во цената е вклучено: организиран превоз според планот и програмата.

**Сместување**

**Hotel Ayoub & Spa** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Hotel Ayoub & Spa е сместувачки објект со 4* (по локална категоризација) во Маракеш, Мороко. Хотелот располага со базен, џакузи, ресторан, бар, фитнес и спа центар и летна тераса. Сите соби се пространи (25m2) и располагаат со сопствено купатило, минибар, фен за коса, телевизор со сателитски канали и сеф.

**Сајт**
https://www.hotel-ayoub-marrakech.com/

**Адреса**
Rue Ibn Qodama
Marrakech 40000
Morocco

**Relax Hotel Casa Voyageurs** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Relax Hotel Casa Voyageurs е сместувачки објект со 3* (по локална категоризација) во Казабланка, Мороко. Сите соби располагаат со сопствено купатило, електричен kettle, минибар, сеф, телевизор со сателитски канали и клима уред.
***Услугата е на база ноќевање со појадок.***

**Сајт**
https://acollectionhotels.com/en

**Адреса**
Bd Ibn Tachfine
Casablanca 20250
Morocco

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Маракеш**

Маракеш е град во подножјето на планината Атлас во југозападниот дел на Мароко. Познат е и како "Црвениот град" и "Бисер на југот". Покрај Фес и Рабат се вбројува во 4те кралски градови на Мароко. Градот има 1.036.500 жители (2006) и се наоѓа на четврто место во земјата. Главен град е на регионот Маракеш-Тенсифт-Ел Хауц. Маракеш е збор од јазикот на Берберите и значи "Божја земја". Името на државата Мароко потекнува од овој топоним (шпанското име на Маракеш: Marruecos). Градот го основал Јусуф Ибн Тахфин, првиот крал на династијата Алморавида во 1062 година. Економијата на Маркеш се заснова на туризам, трговија и занаетчиство. Маракеш го посетуваат повеќе од 2 милиони туристи годишно.

**Казабланка**

Казабланка, белиот град, економски центар на Мароко, град кој е различен од сите. Во Казабланка медината зазема мал дел на градот каде локалните жители пазарат за своите потреби. Поголемиот дел од градот е модерен и отмен со “Rocco's cafe“ и џамијата на Хасан II  на карпа покрај океанот. Центарот на градот доминира со француска архитектура, затоа што од 1912 година со основањето на францускиот прореторат над Мароко овој град почнал забрзано да се развива.

**Корисни информации**

**Мароко**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈАТА**

Мароко, или официјално Кралството Мароко, е северноафриканска земја со турбулентна историја и интензивен живот. На запад излегува на Атлантскиот Океан и на север на Средоземното Море. Се граничи со Алжир на исток и Мавританија на југ. Мароко ја ставила Западна Сахара под нејзина контрола, чиј најголем дел го превзема од нејзината територија од 1975 година. Живото крајбрежје со бујна вегетација, пустини и неколку планински масиви ги формираат географските карактеристики на оваа земја. Мароко е земја на убави градови, исламска архитектура, но и вкусна храна.

Површина на земјата: **446.550 km2**, 57. по големина во светот;

Број на жители: **33, 28** милиони жители

Главен град: **Рабат** (1, 2 милиони жители)

Националност: муслимански сунити

Официјален јазик: арапски и француски

Вероисповед: претежно муслиманска

Независност: 1956 година (од Франција)

**2. ВИЗА**

За жителите на Македонија потребна е виза за престој во Кралството Мароко. Потребна документација за виза која треба да ја доставите:

1. валиден пасош (минимум 6 месеци траење и 2 празни страници)

2. Две фотографии направени во фотостудио во боја на бела позадина (4x3 cm).

3. Извод од банка (нема минимална сума која треба да ја поседувате)

4. Лична карта

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

Временската зона е **UTC 0**, значи 2 часа напред во однос на Р. С. Македонија.

**4. КЛИМА**

Во крајбрежниот дел на Мароко, климата е типично медитеранска, со бујна вегетација, додека на копно климата е многу поостра, со суви лета и остри зими. Во летните месеци температурите умеат да бидат високи како и влажноста на воздухот (до 45 степени). Исто така, повремено се забележува ненадејна промена на временските услови и краткотрајни врнежи од дожд.

**5. ХРАНА И ПИЈАЛОК**

Користете само флаширана вода во Мароко! Традиционалната исхрана опфаќа пилешко, јагнешко и говедско месо на повеќе начини, леб, салати и јадења кои се карактеристични за земјите од Блискиот исток и исламските земји од Северна Африка. Мароканците користат многу зеленчук во своите оброци, и така нивните традиционални јадења (Кускус и Тажин) се базираат на месо, но со голема количина зеленчук. Задолжително пробајте традиционален марокански чај од нане и кафе. Алкохолот е многу редок за јавна употреба во Мароко и навистина ретко каде може да се набави. Во маркетите се продава само безалкохолно пиво. Измијте го овошјето со флаширана вода или излупете го. Цените на храната и пијалоците се прифатливи.

**6. ЗДРАВЈЕ**

Здравје: Законски не е потребно да примате вакцини за да влезете на територијата на Мароко, но секако консултирајте се со вашиот лекар. Се препорачува флаширана вода. Со вас понесете лекови за редовна терапија доколку ја примате, пробиотици за стомачни тегоби, лекови за снижување на телесна температура, лекови против болки или лекови кои обично ги носите со себе на патување. Исто така, со себе неопходно е да понесете крема за сончање.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Осигурувањето не е задолжително , но е секако препорачано. Можете да го уплатите во која било осигурителна компанија или во агенцијата најдоцна 5 дена пред поаѓање.

**8. СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ**

Градовите и местата кои се посетуваат се релативно безбедни, но ние Ве советуваме да бидете претпазливи и внимателни кога станува збор за вашите лични работи (како во кој било европски или друг град). Не е препорачливо жените да шетаат сами, а во вечерните часови и доцна навечер советуваме да не се одвојувате настрана од групата. Не одете во делови од градовите што вашиот водич ќе Ви ги напомене како несигурни. Избегнувајте пиење алкохол на јавни места, особено за време на верскиот празник Рамазан. Дрогата е нелегална, и како таква казнива со закон и затвор.

**9. ОБЛЕКА**

Здолништа над колената, кратките панталони, маици со длабоко деколте или слична гардероба се сметаат за непримерни и затоа може да бидат предмет на несоодветни коментари од локалното население, па затоа овој избор на гардероба треба да се избегнува. Затоа, изберете ја вашата гардероба според временските услови и периодот во годината во која патувате. Исто така, задолжително понесете и некоја облека со долги ракави која е отпорна на дожд, бидејќи во Мароко повремено се случуваат краткорочни врнежи. Понесете поудобни обувки за истражувањето на градовите. Исто така, препорачливо е да носите шешир или капа

заради можите големи жештини. Се препорачува пристојно однесување и почитување на верските предмети.

**10. ЛОКАЛНА ВАЛУТА**

Марокански дирхам (MAD или DHS): 1EUR = 11MAD; 1USD = 9MAD

За трошење во Мароко, препорачливо е да имате локална валута, иако на многу места можете да плаќате и во долари.

**11. ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ И БАНКОМАТИ:**

Во Мароко постојат банкомати и систем со платежни картички, иако на многу места плаќањето со платежни картички не функционира, па затоа се препорачува со себе да носите готовина.

**12. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи имаат договор со локалните оператори, така да роамингот во Мароко функционира. Интернетот е широко распространет, но постојат и ресторани, кафулиња и други места каде што нема WiFi.

**13. СТРУЈА**

Што се однесува до електричната енергија, напонот е ист како и кај нас, и не Ви се потребни адаптери за струја.

**14. ТОПЛА ПРЕПОРАКА**

Од сувенири препорачуваме традиционални ракотворби направени од дрво, исламска керамика, минијатури, зачини, чаеви, кафе, фстаци, марами и пончо, како и фигури и магнети со разни марокански симболи. Цените на сувенирите се многу прифатливи, а бакшишот и ценкањето се дел од традицијата, особено на тезгите на медините и особено во медината Фес.

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ со лиценца УП1-13-609 ОД 24.07.2020 год.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски црински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички

возможно.

- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците коио патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.